# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВОДНИТЕ ЗАЕДНИЦИ

**Сл.Весник на Р.Македонија бр.95 од 07.11.2005 година**

**Член 1**

Во Законот за водните заедници („Службен весник на Република Македонија" број 51/2003) во членот 17 став 1 зборовите: „регистарот на водните заедници (во натамошниот текст: регистар), што го води основниот суд на чие подрачје се наоѓа седиштето на заедницата" се заменуваат со зборовите: „регистарот на други правни лица (во натамошниот текст: регистар), што го води Централниот регистар на Република Македонија".

Ставовите 2, 3 и 4 се бришат.

**Член 2**

Членот 19 се брише.

**Член 3**

Во членот 20 зборовите: „надлежниот суд" се заменуваат со зборовите: „Централниот регистар на Република Македонија".

**Член 4**

Во членот 22 зборовите: "во „Службен весник на Република Македонија"" се заменуваат со зборовите: „на веб страницата на Централниот регистар на Република Македонија".

**Член 5**

Членот 23 се брише.

**Член 6**

Членот 24 се брише.

**Член 7**

Во членот 74 став 1 зборовите: „регистарот на водните заедници" се заменуваат со зборот „регистарот".

**Член 8**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија ", а ќе се применува од 30 септември 2006 година.